**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-3785/1

Скопје 21.08.2017г.

**Предмет: Втор седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува вториот седмичен извештај за периодот од 14 до 20 август 2017 година.

Во рамки на овој извештај Ви го доставуваме Прегледот на пристигнати ценовници за платено политичко рекламирање (ППР). Од вкупно 14 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво, три немаат доставено ценовник (една од нив извести дека нема да емитува ППР). Од вкупно 26 регионални телевизии, пет немаат доставено ценовници (една од нив извести дека нема да емитува ППР). Од вкупно 22 телевизии на локално ниво, две немаат доставено ценовници.

Сите 4 радија што емитуваат програма на државно ниво доставија ценовници за платено политичко рекламирање. Од 16 радија на регионално ниво две немаат доставено ценовници за ППР, а од вкупно 47 радија што емитуваат програма на локално ниво, 22 немаат доставено ценовници (две од нив известија дека нема да емитуваат ППР). Ценовникот на една локална телевизија пристигна по законски утврдениот рок.

Ве известуваме дека се во тек:

- Изработката на Извештајот за начинот на известување на радиодифузерите во првите 10 дена по распишувањето на изборите, што ќе ви го доставиме во прилог на следниот седмичен извештај; и

- Мониторингот на вториот 10-дневен период по распишување на изборите (од 17 до 26 август 2017 година).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

........................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009